# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



| | |
|---|---|
| **”Службен гласник на Општина<br>Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба** | **28. Септември .2006 год.<br>Скопје<br>Бр. 8 Год. I** |




www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com


**Скопје, Септември 2006 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за донесување на Детален urбанистички план за УБ *дел од М.З.Ѓорче Петров и Мирче Ацев-северен дел * Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УБ *дел од М.З.Ѓорче Петров и Мирче Ацев-северен дел* Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и првата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2006 година.

**Број 08-2055/1**
**од 28.09.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Р.М." број 51/05) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" ("Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.05/06),Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница, одржана на 25.09.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за УБ * дел од М.З.Ѓорче Петров и Мирче Ацев - северен дел * Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за Урбан блок *дел од М.З.Ѓорче Петров и Мирче Ацев - северен дел *- Општина Ѓорче Петров,Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" 8/02), Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови ("Службен весник на Р.М." 02/02) и Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на Р.М." 02/02 и 50/03).

**Член 2**

Со Деталниот урбанистички план за Урбан Блок * дел од МЗ Ѓорче Петров и Мирче Ацев - северен дел * Општина Ѓорче Петров Скопје, од член 1 од оваа Одлука се опфаќа простор со површина на урбаниот опфат од **24,20 ха**.

Овој локалитет е дефиниран со следните граници на урбаниот опфат :

**- На север:** границата оди по сервисна улица на Бул.Црна Гора;
**- На исток:** границата оди по на Булевар Македонска Војска ;
**- На југ :** границата оди по осовината на улица 4-ти Јули;
**- На запад:** границата оди по осовина на новопланирана улица која е продолжение на улица Сремски Фронт.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Урбан блок * дел од М.З. Ѓорче Петров и Мирче Ацев- северен дел * Општина Ѓорче Петров, изработен од *ИН-ПУМА* - Скопје, со технички број 188/2004 е изготвен во две фази:Нацрт-План и Предлог-План.

**Деталниот урбанистички план содржи:**

**И. ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**

1. Просторен концепт
2. Поделба и нумерација на модули
3. Намена на површини со билансни показатели
4. Сообраќајно решение
5. Нивелманско решение
6. Мерки за заштита
   Мерки и средства за заштита и санација на животната средина
   Мерки за заштита од пожар на објектите
   Мерки за заштита од воени разурнувања
   Заштита од природни непогоди
7. Електро - енергетика и ПТТ инсталации
8. Хидротехничка инфраструктура
9. Основни параметри за уредување на просторот

**Документациона основа**

1. Вовед
2. Цел, значење и метод на изработка на проектот
3. Хронологија на планирање на просторот
4. Местоположба, граници и површини и сообраќајна поврзаност
5. Природни карактеристики
   Климатски карактеристики

Рељефни карактеристики
Хидролошки карактеристики
Сеизмички карактеристики
Вегетациски карактеристики и пејсаж

6. Анализа на постојна состојба
   6.1. Комерцијални содржини
7. Градежен фонд
8. Постојна инфраструктура
9. Насоки за просторен развој од плановите од повисоко ниво
10. Резиме на можности за развој кои произлегуваат од документационата основа

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
**Нацрт План**

1. Синтезен приказ
   - намена на површини
   - парцелација, зони за градба и дозволени висини
2. Синтезен план (инфраструктурни системи)

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1. Извод од ГУП за Скопје ;
2. Извод од постоен ДУП ;
3. Постојна состојба Синтезен приказ ;

4. Постојна состојба Синтезен приказ (инфраструктурни системи) и
5. Постојна состојба Синтезен приказ (сателитска снимка нови објекти)

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на Претседалот на Совет на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животна средина на Општина Ѓорче Петров во рок од 30 дена од завршување на целосната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистачки план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови кои се составен дел на оваа Одлука се чува во Одделението за урбанизам, просторно планирање и заштита на животна средина на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1930/3**
**од 25.09.2006 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за збратимување на Општина Ѓорче Петров-Скопје, Република Македонија со Столична Општина-реон *Красна полјана*-Софија, Република Бугарија**

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Ѓорче Петров-Скопје, Република Македонија со Столична Општина-реон *Красна пољана*-Софија, Република Бугарија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и првата Седница на Советот, одржана на ден 25.09.2006 година.

**Број 08-2055/2**
**од 28.09.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статут на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 31-та седница одржана на ден 25.09.2006 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија, со Столична Општина - реон *Красна Полјана*- Софија,Република Бугарија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува Збратимувањето на Општина Ѓорче Петров - Скопје, Република Македонија со Столична Општина - реон *Красна Полјана*- Софија,Република Бугарија.

**Член 2**

Збратимувањето е официјален свечен чин на меѓународната соработка во развојот на двете Општини.

Меѓународната соработка вклучува соработка на повеќе различни нивоа на двете локални самоуправи, во правец на размена на мислења, идеи и искуства преку билатерални посети, контакти и најразлични културни, спортски и други манифестации.

**Член 3**

Збратимувањето ќе биде потврдено со потпишување на протокол за соработка од двете страни.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-1930/4**
**од 25.09.2006 год.**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички План за УБ *дел од М.З.Ѓорче Петров и Мирче Ацев-северен дел* во Општина Ѓорче Петров . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.2**

2. **Предлог-Одлука за збратимување на Општина Ѓорче Петров-Скопје, Република Македонија, со Столичка Општина-реон *Красна Пољана*- Софија, Република Бугарија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.6**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци